# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ - СКОПЈЕ


| | | |
|---|---|---|
| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ - СКОПЈЕ<br>Излегува по потреба<br>Рок на рекламации 15 дена | 18.05.2015<br>Скопје<br>Број 10 год X | Претплата за 2015 година износува 1500,00денари<br>Овој број чини 150,00денари |



e-mail:aerodrom@aerodrom.gov.mk www.aerodrom.gov.mk


Скопје,мај 2015 година

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/02) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Аеродром - пречистен текст („Службен гласник на Општина Аеродром“ број 20/2012, 21/2014, 23/2014), Градоначалникот на Општина Аеродром, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлука за давање согласност на Договор за снабдување со електрична енергија УП1-21-416

Се објавува Одлука за давање согласност на Договор за снабдување со електрична енергија УП1-21-416, донесен на триесет и шестата седница на Советот на општина Аеродром, одржана на ден 15.05.2015 година.

Број 08-3958/1 Градоначалник
18.05. 2015година Ивица Коневски с.р.
Скопје

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 45 став 1 и член 24 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Аеродром – пречистен текст („Службен гласник на Општина Аеродром“, број 20/2012, 21/2014, 23/2014) Советот на Општина Аеродром на 36-та седница одржана на ден 15.05.2015 година , донесе

**О Д Л У К А**

за давање согласност на Договор за снабдување со електрична енергија УП1-21-416

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност на Договор за снабдување со електрична енергија УП1-21-416.

Член 2

Договорот од член 1 ќе се склучи со цел регулирање на снабдувањето со електрична енергија на фестивал на комедијата „Гола Месечина“.

Член 3

Се задолжува и овластува Раководител на Одделение за комунални работи, Елица Вугрешек, да го потпише договорот за приклучок со електрична енергија, кој гласи:

Д О Г О В О Р

снабдување со електрична енергија

Склучен помеѓу договорните страни:

(1) ЕВН Електростопанство на Македонија, Акционерско друштво за дистрибуција на електрична енергија Скопје застапувана од Јорданчо Костовски од една страна (во понатамошниот текст ЕВН Македонија АД Скопје) и
(2) Општина Аеродром со адреса бул.Јане Сандански број 109Б, со ЕДБ 4030004547854 застапувано од (во понатамошниот текст Барател на приклучок)

**Член1**

**Предмет на договорот**

Овој договор ги регулира условите под кои снабдувачот ќе врши снабдување со електрична енергија на потрошувачот, како и меѓусебните права и обврски помеѓу снабдувачот и потрошувачот.

**Член 2**

**Испорака и мерење**

Снабдувачот ќе го снабдува потрошувачот со електрична енергија врз основа на шпотребите на потрошувачот.

Мерењето на испорачаната електрична енергија го врши операторот нна дистрибутивниот систем, согласно Закон за енергетика, Закон за метрологија и Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Пресметковните мерни местао пфатени со овој договор се наведени во прилог листа која е составен дел на овој договор, согласно евиденцијата на операторот на дистрибутивниот систем.

**Член 3**

**Пресметка и наплата на испорачаната енергија**

Снабдувачот на потрошувачот ќе му доставува фактура за испорачаната електрична енергија согласно соодветните правила за снабдување со електрична енергија.

Пресметката за испорачаната електрична енергија ќе се врши согласно соодветните тарифни системи и правила за за снабдување со електрична енергија кои се во сила.

Во случај кога местото на мерење е на пониско ниво од местото на предавање на електрична енергија, измерените количини на електрична енергија ќе бидат зголемени за техничките загуби во водот и трансформаторите, согласно Правилата за снабдување со електрична енергија.

Снабдувачот има право да врши исправка на пресметките во случаите предвидени со важечките Правила за снабдување со елек. Енергија.

Потрошувачот е должен да ја плати фактурата за испорачаната елек. енергија во рок од 20 (дваесет) дена од денот на завршување на пресметковниот период.

Потрошувачот има право да поднесе приговор на доставената фактура во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на нејзиното доставување.Потрошувачот кој приговара делумно на пресметката од доставената фактура е должен неспорниот дел од фактурата да го плати во рокот наведен во став 5 од овој член.

Потрошувачот кој не добил фактура должен е да побара копија од фактурата за за потрошената елек. енергија.

Снабдувачот има право да побара од операторот на дистрибутивиот систем да му ја прекине испораката на елек. енергија во случај на неплаќање на фактурите согласно важечките Правила за снабдување со елек. Енергија.

**Член 4**

**Услуги од снабдувачот**

Снабдувачот ќе обезбеди услуги на потрошувачот согласно важечките Правила за снабдување со елек. Енергија

Потрошувачот може да се обрати до Центарот за односи со потрошувачи на ЕВН македонија на 0890 88888 за информации, советувања и услуги, 24 часа, 7 дена во неделата, 365 дена во годината.

**Член 5**

**Ограничување на испораката во услови на виша сила**

Под услови на Виша сила се подразбираат непредвидливи природни појави кои се поврзани со природни катастрофи(поплави, земјотреси, пожари и сл.), како и настани и околности настанати по склучување на овој договор, а пред втасување на обврските кои го спречиле исполнувањето на договорните обврски и кои што ниту една од страните не е во можност да ги спречи, елиминира или избегне. Како вакви настани се сметаат акти на државните институции и операторот на соодветниот систем донесени во согласност со оперативните правила на операторот на соодветниот систем со цел да се обезбеди стабилност на енергетскиот систем. Страната која е засегната со виша сила ќе ја информира другата страна за почетокот и крајот на состојбата на виша сила и ќе ги превземе сите разумни мерки кои се потребни за ублажување на последиците од виша сила.

Случај на виша сила го ослободува снабдувачот од обврската да испорача и Потрошувачот да превземе енергија во согласност со овој Договор.

Страната која се повикува на настан на виша сила треба да го докаже постоењето на вишата сила, да ја докаже неможноста на поинаков начин да ја набави и испорача, односно да ја превземе ел.енергија, како и веднаш да ја извести другата страна за превземените мерки за заштита и елиминирање на последиците од настанот виша сила.

**Член 6**

**Надомест на штета**

Снабдувачот ќе го обештети потрошувачот во случај и на начин предвиден со важечките Правила за снабдување со елек. Енергија

**Член 7**

**Важност, времетраење и услови за раскинување**

Договорот се склучува со определен временски рок со важност од денот на потпишување на двете договорни странки, а до датумот на важност на решението за согласност за приклучување на електродистрибутивен систем наведен во прилог листа кон овој договор.

Снабдувачот и потрошувачот имаат право да го раскинат овој Договор согласно Законот за енергетика, соодветните Правила за снабдување со елек. Енергија и Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија, со отказен рок од најмалку 30 дена од денот на поднесување на барањето за раскинување на овој договор од страна на снабдувачот или потрошувачот.

Во случај кога за времетраењето на овој договор потрошувачот стекне статус на квалификуван потрошувач согласно Законот за енергетика, овој Договор ќе продолжи да важи само ако потрошувачот не побарал писмено раскинување на Договорот по испратено известување од снабдувачот за промена на условите и тарифите за испорака на елек. енергија.

**Член 8**

**Завршни и други одредби**

Потрошувачот е должен да го извести снабдувачот за секоја промена на податоците од овој Договор во рок од 15 дена од настанувањето на промената.

Во спротивно, снабдувачот има право да поднесе барање за исклучување на потрошувачот до операторот на дистрибутивниот систем.

Во случај ако потрошувачот го отуѓи или издаде под закуп објектот за кој се вршела испораката на ел.енергија согласно со овој договор, потрошувачот е должен да поднесе барање за раскинување на овој договор согласно важечките Правила за снабдување со елек. Енергија. Во случај на промена на користење или сопственост на едно од вкупниот број на мерни места опфатени со овој договор, истиотродолжува да важи а промената ќе биде ажирирана во прилог листата на мерни места составен дел на овој договор. Неплатените фактури за испорачаната ел.енергија до моментот на склучување на договорот за снабдување со ел.енергија со новиот сопственик или закупец се обврска на потрошувачот.

Во случај кога потрошувачот на кој наплатата за испорачаната ел.енергија се врши преку редовно плаќање три пати последователно не ја платил фактурата во предвидениот рок, снабдувачот има право да побара потпишување на Анекс кон договорот со цел понатамошно вршење на наплатата преку положување на паричен депозит од страна на потрошувачот.

Дооколку потрошувачот не го потпише Анексот од став 3 од овој член во рок од 15 дена од денот на доставувањето, снабдувачот има параво да побара од операторот на дистр.систем прекин на испораката на ел.енергија на потрошувачот.

Доколку некои одредби од договорот станат правно неважечки, тогаш важноста на останатите нема да се промени. Договорните страни се обврзуваат правно неважечката одредба по можност соодветно да се замени со нова одредба во економска смисла.

Овој Договор ќе се применува и на правните наследници на договорните страни кои ќе произлезат од евентуалните структурни промени на договорните страни согласно Законот за трговски друштва (присоединување, поделба, спојување или основање на трговски друштва).Во тој случај правата и обврските на снабдувачот ќе ги превземе носителот на лиценцата за снабдување на тарифни потрошувачи односно носителот на носителот на лиценацата за снабдување во краен случај.

За сите прашања кои не се уредени со овој договор важат одредбите од законските и подзаконските прописи кои се во сила.

Договорните страни се согласни дека сите спорни прашања ќе се обидат да ги решаваат првенствено спогодбено. Во случај на спор надлежен е Основниот Суд Скопје 2-Скопје.

Договорот е сочинет во 4 (четири) по 2 за секоја договорна страна.

- Прилог листа кон Д О Г О В О Р за снабдување со електрична енергија број УП1-21-416

**Податоци за потрошувач:** Општина Аеродром, број на корисник: 002386850, бул.Јане Сандански број 109Б, 1000 Скопје

**Податоци за пресметковно мерно место:**

**шифра на потрошувачко место:** 000000077072, бул.В.С.бато бр.71 и бр.73 Скопје-Аеродром

**Место на испорака:** Низок напон

**Место на мерење:** Низок напон

**Електроенергетски податоци:** (за ново приклучени тарифни потрошувачи), број на решение за согласност УП1-21-416, датум на издавање 13.05.2015 година, КЕЦ Аеродром,

**Категорија на потрошувач/тарифен модел:** низок напон, I тарифен степен

Потрошувач — снабдувач

ОПШТИНА АЕРОДРОМ — ЕВН Македонија АД

Член 4

Оваа Одлука стапува во сила со денот објавувањето, во „Службен гласник на Општина Аеродром”.

Број 09-188/2<br>18.05 2015 година<br>Скопје

Претседател на Совет<br>на Општина Аеродром<br>Виктор Камилоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/02) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Аеродром - пречистен текст („Службен гласник на Општина Аеродром“ број 20/2012, 21/2014, 23/2014), Градоначалникот на Општина Аеродром, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлуката за давање согласност на Договор за приклучување на дистрибутивна мрежа преку стандарден приклучок со одобрена максимална едновремена моќност на приклучок над 40 kW

Се објавува Одлуката за давање согласност на Договор за приклучување на дистрибутивна мрежа преку стандарден приклучок со одобрена максимална едновремена моќност на приклучок над 40 kW, донесена на триесет и шестата седница на Советот на општина Аеродром, одржана на ден 15.05.2015 година.

Број 08-3957/1 Градоначалник
18 мај 2015година Ивица Коневски с.р.
Скопје

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 45 став 1 и член 24 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Аеродром – пречистен текст („Службен гласник на Општина Аеродром“, број 20/2012, 21/2014, 23/2014) Советот на Општина Аеродром на 36-та седница одржана на ден 15.05.2015 година , донесе

**О Д Л У К А**

за давање согласност на Договор за приклучување на дистрибутивна мрежа преку стандарден приклучок со одобрена максимална едновремена моќност на приклучок над 40 kW

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност на Договор за приклучување на дистрибутивна мрежа преку стандарден приклучок со одобрена максимална едновремена моќност на приклучок над 40 kW.

Член 2

Договорот од член 1 ќе се склучи со цел регулирање на приклучокот со електрична енергија на фестивал на комедијата „Гола Месечина“.

Член 3

Се задолжува и овластува Раководител на Одделение за комунални работи, Елица Вугрешек, да го потпише договорот за приклучок со електрична енергија, кој гласи:

ДОГОВОР

за приклучување на дистрибутивна мрежа преку стандарден приклучок со одобрена максимална едновремена моќност на приклучок над 40 kW

(3) ЕВН Електростопанство на Македонија, Акционерско друштво за дистрибуција на електрична енергија Скопје застапувана од Јорданчо Костовски од една страна (во понатамошниот текст ЕВН Македонија АД Скопје) и

(4) Општина Аеродром со адреса бул.Јане Сандански број 109Б, со ЕДБ 4030004547854 застапувано од (во понатамошниот текст Баратeл на приклучок)

Член 1

Предмет на договорот

(1) Предмет на овој договор е приклучување на дистрибутивната мрежа на ЕВН Македонија АД,Скопје за објект кој се наоѓа на локација КП бр./, Аеродром, врз основа на Решението за согласнот за приклучување на дистрибутивната мрежа со

бр. УП1-21-416 од 13.05.2015 година и член 22 од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Член 2

Надоместок за приклучување

(1) Надоместокот за реализација на приклучокот изнесува 6.905,00 (шестилјадидеветстотиниипет) денари + 18% ДДВ или вкупно 8.148,00 денари (осумилјадисточетириесетиосум)денари.

Член 3

Начин на плаќање

(1)Барателот на приклучок е должен да плати:

1) 25% од вкупниот надоместок за реализација на приклучокот утврден со Член 2 од овој Договор во износ од 2.037,00 денари (двеилјадитриесетиседум) денари, по потпишување на овој договор;

2) 50% од вкупниот надоместок за реализација на приклучокот утврден со член 2 на овој договор во износ од 4.074,00 (четириилјадиседумдесетичетири) денари, во рок од 10 дена од денот на прием на известувањето дека се обезбедени сите неопходни дозволи, елаборати и останата документација за реализацуја на приклучокот од страна на ЕВН Македонија АД Скопје од став 2 на овој член;

3) 25% од вкупниот надоместок за реализација на приклучокот утврден во член 2 од овој Договор во износ од 2.037,00 (двеилјадитриесетиседум) денари, во рок од 10 дена од денот на прием на известувањето дека изградбата на приклучокот од страна на ЕВН Македонија АД Скопје е завршена и приклучокот треба да биде ставен под напон, од став 3 на овој член.

(2) ЕВН Македонија АД Скопје е должен во рок од 3 дена од денот на уплата на износот од став (1) точка (1) од овој член од страна на Барателот на приклучок да започне со обезбедување на сите неопхподни дозволи, елаборати и останата документација потребна за започнување на реализација на приклучокот, во согласност со Закон.

(3)Рокот за обезбедување на сите потребни документи од став 2 на овој член изнесува 70 дена.

(4) По исклучок од став 3 на овој член, рокот може да се продолжи ако постојат: измени на урбанистички планови, постапка за експропријација на земјиште, непочитување на законски рокови од надлежни институции, молчење на администрација и поведување на управен спор.

(5) ЕВН Македонија АД Скопје е должен во рок од 3 дена обезбедување на сите неопходни дозволи, елаборати и останата документација за реализација на приклучокот, да достави известување до Барателот на приклучокот дека истите се обезбедени.

(6) ЕВН Македонија АД Скопје е должен во рок од 3 дена обезбедување на документот за употреба на приклучокот да го извести Барателот на приклучокот дека изградбата на приклучокот од страна на ЕВН Македонија Скопје е завршена и дека приклучокот треба да биде ставен под напон.

(7) Барателот на приклучокот е должен износите определени во став (1) на овој член да ги уплати на ЕВН Македонија АД Скопје на сметка број 210059337731892, Тутунска банка АД Скопје. За секоја уплата ЕВН Македонија АД Скопје му издава авансна фактура за уплатениот износ на барателот на приклучок.

(8) По реализацијата на приклучокот кој е предмет на овој договор, ЕВН Македнија АД Скопје на барателот на му издава фактура за вкупниот надоместок за реализација на приклучокот од член 2 на овој Договор.

(9) За секое задоцнување во плаќањето од страна на Барателот на приклучок, ЕВН Македонија АД Скопје ќе пресметува казнена камата согласно Закон, за износот кој барателот требал да го уплати.

Член 4

Рок на релизација на приклучокот

(1) Рокот на реализаија на приклучокот изнесува 50 (педесет) дена од денот на уплата на износот од член 3, став 1 точка 2 од овој Договор од страна на Барателот на приклучок.

(2) Во однос на рокот определен во ставот (1) на овој член,приклучокот ќе се смета за реализиран во моментот на добивање на документ за употреба на приклучокот, во согласност со Законот за градење.

(3) Рокот определен во ставот (1) на овој член може да се продолжи во следните случаи

1) непочитување на законски рокови од страна на надлежни институции

2)неповедување на управен спор

3)виша сила

4)со взаемна согласност на договорените страни

5)со одлука на надлежен државен орган донесена во постапка определна со закон.

Член 5

Договорна казна

(1)Во случај на пречекорување на рокот утврден во член 3 став (3) и член 4 став (1) од овој Договор,Барателот на прикилучок има право на надомест пресметан како казнена камата согласно закон за секој ден доцнење на уплатениот износ од договорениот надоместок за реализаија на приклучокт од Член 2 на овој Договор.

(2)Во случај на пролонгирање на роковите од член 3 став(4) и член 4 став (3) не се плаќа договорна казна од став (1) на овој член, при што ЕВН МакедонијаАД Скопје е должна писмено да го извести Барателот на приклучок и да ги образложи причините за пролонгирање на рокот.

Член 6

Разрешување на спорови

(1)Евентуалните спорови во врска со овој Догоор,ЕВН Македонија АД Скопје и Барателот на приклучок ќе ги решаваат спогодбено.

(2)Доколку спорот не е разрешен спогодбено ЕВН Македонија АД Скопје и Барателот на приклучокот може да покренат постапка пред надлежниот суд.

Член 7

Измени на договорот

(1)Овој договор може да се измени на барање на ЕВН Македонија АД Скопје и Барателот на приклучок со склучување на анекс на овој Договор доколку се согласни двете страни.

Член 8

(1)За се она што не е уредено со овој Договор ќе се применува Законот за енергетика,,Законот за обигациони односи,мрежните правила за дистрибуција и електрична енергија и друг закон.

Член 9

Потпишување на договорот

(1)Овој договор се склучува во четири еднообразни примероци од кои по два за секоја договорена страна (2 примерока за ЕВН Македонија АД, Скопје и 2 примерока за Барателот на приклучок

Член 10

Влегување во сила на договорот

(1) Овој Договор влегува во сила со денот на неговото потпишување од страна на догогворените страни

ЕВН Македнија — барател на приклучок

Член 4

Оваа Одлука стапува во сила со денот објавувањето, во „Службен гласник на Општина Аеродром”.

Број 09-188/10
18.05 2015 година
Скопје

Претседател на Совет
на Општина Аеродром
Виктор Камилоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/02) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Аеродром - пречистен текст („Службен гласник на Општина Аеродром“ број 20/2012, 21/2014, 23/2014), Градоначалникот на Општина Аеродром, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлука за доделување на спонзорство за реализација на проект Фестивал на комедија „Гола месечина“

Се објавува Одлуката за доделување на спонзорство за реализација на проект Фестивал на комедија „Гола месечина“, донесена на триесет и шестата седница на Советот на општина Аеродром, одржана на ден 15.05.2015 година.

Број 08-3956/1
18.05 2015година
Скопје

Градоначалник
Ивица Коневски с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 05/02), член 16 точка 5 од Статутот на Општина Аеродром – пречистен текст („Службен гласник на Општина Аеродром“ број 20/2012, 21/2014, 23/2014), членовите 6-11 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности(„Службен весник на РМ“ број 47/06, 86/08, 51/11, 28/14), Програмата за доделување спонзорства и донации во Општина Аеродром за 2015 година(„Службен гласник на Општина Аеродром“ број 24/14), Програма за поддршка на културата во Општина Аеродром за 2015 („Службен гласник на Општина Аеродром“ број 24/14) година, Меморандум за соработка број 09-6450/1 од 23.07.2013 година, Одлука број 07-222/4 од 03.07.2014 година („Службен гласник на ОА“ број 14/14) и Барање број 30-3749/1 од 12.05.2015 година, Советот на Општина Аеродром на својата 36 седница, одржана на ден 15.05.2015 година ја донесе следнава

О Д Л У К А

за доделување на спонзорство за реализација на проект Фестивал на комедија „Гола месечина“

Член 1

Со оваа Одлука се доделува спонзорство за реализација на проект Фестивал на комедија „Гола месечина“ на подрачјето на Општина Аеродром, организиран од страна на Националната установа „Театар Комедија“, кое се состои во доделување на финансиски средства во износ од 600.000,оо (шестотини илјади) денари.

Член 2

Средствата за оваа намена ќе се издвојат од Програма А Совет на Општина, потпрограма А0 - Совет, потставка 464990 – Други трансфери, кои ќе се уплатат на жиро-сметка на Националната установа „Театар Комедија“.

Член 3

За возврат на спонзорската поддршка од страна на организаторот на манифестацијата Општина Аеродром ќе биде промовирана како спонзор, на начин кој е детално утврден во самиот Договор за спонзорство.

Член 4

Составен дел на Одлуката е Договор за спонзорство, помеѓу Општина Аеродром и Националната установа „Театар Комедија“, кој ќе се примени по добиено позитивно мислење за потврда на јавниот интерес, од страна на Министерството за правда на РМ, а ќе гласи:

ДОГОВОР ЗА СПОНЗОРСТВО

Помеѓу:

1. Општина Аеродром со седиште на бул.Јане Сандански број 109Б, 1000 Скопје, ЕМСБ 5980283, ЕДБ 1030004547854 депонент на НБРМ и жиро сметка 775016011963011, застапувана од Ана Ристевска Секретар на Општина Аеродром (во натамошниот текст: Давател на спонзорството) и
2. Република Македонија Национална установа ТЕАТАР КОМЕДИЈА Скопје, со седиште на БУЛЕВАР СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ ББ, жиро сметка број 180106172760316, ЕДБ 4057011514223, застапувано од овластено лице Јелена Жугиќ (во натамошниот текст: Примател на спонзорството)

Член 1

Предмет на овој договор е спонзорство од страна на Давателот на спонзорството кое се одобрува на Примателот на спонзорството за реализација на проектот Летен фестивал на Комедија.

Спонзорството ќе се состои од доделување на финансиски средства во износ од 600.000,оо (шестотини илјади) денари, како и по потреба ангажирање на камионите сопственост на Општина Аеродром за потребите на организаторот, во деновите на траење на Летниот фестивал.

Член 2

Доколку Министерството за правда на РМ, писмено го извести Давателот на спонзорството дека не постои јавен интерес на манифестацијата, овој Договор се смета за ништовен.

Член 3

Давателот на спонзорството се согласува да ги префрли паричните средства определени во член 2, на жиро сметка на примателот на спонзорството по добивањето на известувањето од Министерството за правда на РМ.

Член 4

За возврат на спонзорската поддршка од страна на организаторот на манифестацијата ќе биде промовирана Општина Аеродром како спознор преку:

- поставување на банери со логото на Општина Аеродром, на видно место;
- поставување на банери со логото на Општина Аеродром коишто ќе бидат видливи за време на одржување на прес конференциите и другите јавни настапи на учесниците на фестивалот поврзани со Летниот фестивал.

Примателот на спонзорството е должен во целост да ги исполни обврските наведени во склучениот Меморандум за соработка број 09-6450/1 од 23.07.2013 година.

Член 5

Примателот на спонзорството се согласува доколку не ги исполни своите обврски определни во член 4 на овој договор, давателот на спонзорството да го повлече спонзорството.

Член 6

Овој договор стапува на сила веднаш по потпишувањето на двете договорни страни, а ќе се применува по добиено позитивно мислење за јавниот интерес, од страна на Министерството за правда на РМ.

Член 7

За се што не е предвидено со овој договор ќе се применуваат одредбите од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности, Законот за облигациони односи и другите позитивни прописи во РМ.

Член 8

Во случај на спор, договорните страни се согласни спорот да го решат спогодбено.

Доколку спорот не се реши спогодбено, истиот ќе го решава надлежниот суд во Скопје.

Член 9

Овој договор е склучен во 8 (осум) идентични примероци од кои 6 (шест) за Давателот на спонзорството и 2 (два) за Приматалот на спонзорството.

| | |
|---|---|
| **ПРИМАТЕЛ НА СПОНЗОРСТВОТО** | **ДАВАТЕЛ НА СПОНЗОРСТВОТО** |
| ТЕАТАР КОМЕДИЈА Скопје | Општина Аеродром |

Член 5

Се задолжува и овластува раководителот на ооделение за образование, спорт и култура, да го потпише договорот од член 4, на оваа одлука.

Член 6

Оваа Одлука по создавање на законски предвидените услови, да ја изврши Секторот за финансиски прашања на Општина Аеродром.

Член 7

Оваа Одлука стапува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Аеродром“, а ќе се применува по добиено мислење од Министерството за правда на РМ.

| | |
|---|---|
| Број 09-188/4 | Претседател на Совет |
| 18 мај 2015 година | на Општина Аеродром |
| Скопје | Виктор Камилоски с.р |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/02) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Аеродром - пречистен текст („Службен гласник на Општина Аеродром“ број 20/2012, 21/2014, 23/2014), Градоначалникот на Општина Аеродром, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Аеродром за првиот квартал од 2015 година

Се објавува за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Аеродром за првиот квартал од 2015 година, донесен на триесет и шестата седница на Советот на општина Аеродром, одржана на ден 15.05.2015 година.

Број 08-3955/1 
18 мај 2015година 
Скопје

Градоначалник 
Ивица Коневски с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа ("Службен васник на РМ" број 05/02) и член 66 од Статутот на Општина Аеродром – пречистен текст („Службен гласник на Општина Аеродром“ број 20/2012, 21/2014, 23/2014), Советот на Општина Аеродром на 36-та седница одржана на ден 15.05.2015 година , донесе

**З А К Л У Ч О К**

за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Аеродром за првиот квартал од 2015 година

1. Се усвојува Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Аеродром за првиот квартал од 2015 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавување во “Службен гласник на Општина Аеродром“.

Број 09-188/5 
18 мај 2015 година 
Скопје

Претседател на Совет 
на Општина Аеродром 
Виктор Камилоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/02) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Аеродром - пречистен текст („Службен гласник на Општина Аеродром“ број 20/2012, 21/2014, 23/2014), Градоначалникот на Општина Аеродром, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Планот за дополна на План за јавни набавки на Општина Аеродром за 2015 година

Се објавува Планот за дополна на План за јавни набавки на Општина Аеродром за 2015 година, донесен на триесет и шестата седница на Советот на општина Аеродром, одржана на ден 15.05.2015 година.

Број 08-3954/1
18.05. 2015година
Скопје

Градоначалник
Ивица Коневски с.р.

Врз основа на член 26 од Законот за јавните набавки („Службен Весник на Р. Македонија бр.136/07, 130/08, 97/2010, 53/2011, 185/2011, 15/2013, 148/2013, 28/14, 43/14 , 130/14, 180/14) и член 24 став 1 точка 38 од Статутот на Општина Аеродром („Службен гласник на Општина Аеродром број 20/2012, 21/2014, 23/2014, 01/2015), Советот на Општина Аеродром на 36-та седница одржана на ден 15.05.2015 година, донесе

**ПЛАН**
**ЗА ДОПОЛНА НА ПЛАН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ ЗА 2015 ГОДИНА**

Планот за јавни набавки на Општина Аеродром за 2015 година („Службен гласник на ОА“ 24/2014, 03/15, 5/15, 6/15, 7/15), се ДОПОЛНУВА на следниот начин

**I. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги/работи/стоки**

| Ред бр. | Предмет на договорот за јавна набавка/рамковна спогодба | Шифра според ОПЈН | Очекуван почеток на постапката (месец) | Проценета вредност на договорот /рамковна спогодба без ДДВ (во денари) | Вид на постапка |
|---|---|---|---|---|---|
| | II. Набавка на работи | | | | |
| 14. | Изградба на нови линии за јавно осветлување во дел од Урбан парк Аеродром (Сектор 4) | | Јуни/Јули | 7.200.000,00 | Отворена постапка |
| 15. | Изградба на дел од улица 8 – прва фаза во локалитет Горно Лисиче УЕ А | | Јуни/Јули | 6.700.000,00 | Отворена постапка |

Број 09-188/6
18 мај 2015 година
Скопје

Претседател на Совет
на Општина Аеродром
Виктор Камилоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/02) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Аеродром - пречистен текст („Службен гласник на Општина Аеродром“ број 20/2012, 21/2014, 23/2014), Градоначалникот на Општина Аеродром, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за задолжување на раководителот на Сектор за комунални работи, урбанизам и заштита на животната средина, за преземање активности со цел регулирање на договорни обврски кон ангажирано лице во Општина Аеродром

